Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 мај 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за уважување на приговор**

1. Приговорот на Стасе Јанаковски со бр. УП2-09-251/24 од 7 мај 2024 година против Решението за задолжување, бр.01-367/2 од 12.10.2023 година од Скопје Север АД Скопје, СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за задолжување, бр.01-367/2 од 12.10.2023 година од Скопје Север АД Скопје, СЕ ПОНИШТУВА.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Стасе Јанаковски, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-251/24 од 7 мај 2024 година против Решението за задолжување, бр.01-367/2 од 12.10.2023 година од Скопје Север АД Скопје.

Постапувајќи по член 54 став (5) од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22), Скопје Север АД Скопје извршил периодична контрола на потрошувачот Стасе Јанаковски, сопственик на посебен стан на ул. Лазо Трповски, бр.1-2/10 кој веќе добил ослободување од плаќање на надоместокот за ангажирана топлинска моќност (фиксен дел) од вкупниот надоместок за топлинска енергија. При контролата е утврдено дека потрошувачот веќе не ги исполнува условите од став 2 на истиот член, односно не ги доставил до Скопје Север АД фактурите за потрошена електрична енергија за период од 1 октомври 2022 до 30 април 2023 година. Врз основа на член 54 став (5) од Правилата за снабдување со топлинска енергија Скопје Север АД Скопје извршил промена на статусот со донесување на Решение за задолжување до потрошувачот Зоран Колевски бр. 01-367/2 од 12.10.2023 година.

Незадоволен од Решението за задолжување на Скопје Север АД Скопје, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 23 мај 2024 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата

се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Решение за задолжување до потрошувачот Стасе Јанаковски бр. 01-367/2 од 12.10.2023 година од Скопје Север АД Скопје,
- Фотокопија од фактури за потрошена електрична енергија за период од октомври 2022 до април 2023 година,
- Фотокопија од фактури за потрошена електрична енергија за период од октомври 2023 до март 2024 година,
- Фотокопија од фактури за испорачана топлинска енергија за месеците јануари и февруари 2024 година

Согласно член 54 став (2) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, од обврската за плаќање на фиксниот дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија кој се определува согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија се ослободува сопственикот на посебен дел, ако:

1) живее во него и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на сопственикот или член на неговото потесно семејство кој живее во станот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).
2) го наследил, добил на подарок или го стекнал по друг правен основ, и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
3) го дава на користење и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ и тоа:
   – за корисник физичко лице (лична карта на корисникот на објектот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
   – за корисник правно лице (имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).

Согласно член 54 став (5) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, Снабдувачот има право да врши периодична контрола на сопствениците на посебни делови кои што веќе добиле ослободување и да изврши промена на нивниот статус со донесување на решение, доколку при контролата утврди дека не се исполнети условите од став (2) на овој член.

При направениот увид во приложените докази, од страна на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива беше констатирано дека вкупната потрошувачка на електрична енергија од доставените фактури е повисока од 1500 kWh, односно изнесува 6457,89 kWh.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-251/24**
**27 мај 2024 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**